АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2024 ГОДИНА





**Скопје, јули 2024 година**

Слободниот пристап до информации од јавен карактер е еден од основните предуслови за одговорно и транспарентно работење на институциите. Активното учество на граѓаните во политичките процеси и квалитетот на нивното учество во креирањето на јавните политики и носењето на одлуките директно зависи од тоа колку граѓаните се запознаени и информирани за тие процеси. Тие информации ги создаваат и со нив располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите. Поради тоа, овозможувањето на пристап до овие информации е неопходен процес кој води кон демократизација на процесите на креирање на јавни политики и на носење на одлуки кои влијаат врз квалитетот на живеење и општата благосотојба.

Запознавањето со релевантните податоци е од клучно значење за разбирање на работата на институциите и во тој контекст, денес не е можно да се замисли квалитетно учество во процесите на донесување политички одлуки, доколку не постои информираност и увид во работата на јавните институции. Оттука, **Информациите се моќ и кислород на демократијата!!!**

Како второстепен орган во процесот на имплементација на остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата пред себе го има најголемиот предизвик, кој произлегува од основната надлежност - да води управна постапка и да одлучува по жалби од барателите на информации поднесени против имателите на информации, во случаите кога имателите на информации не постапиле согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Правото за поднесување жалба е подеднакво за сите баратели кои поднеле усно, писмено или електронско Барање за пристап до информации од јавен карактер до некоја институција на централно, или на локално ниво (првостепен орган), односно до било кој имател на информации. Агенцијата, како второстепен орган во жалбената постапка, жалбите ги препраќа на произнесување до првостепените органи (имателите на информации), со барање во рок од 7 дена да добие произнесување по однос на наводите содржани во жалбата. Имајќи ги во предвид наводите во жалбата,

одговорот на жалбата и другите приложени докази, Агенцијата во законски предвидениот рок од 15 дена носи соодветна одлука.

Агенцијата, на имателите на информации кои не постапиле по барања за пристап до информации од јавен карактер (**т.н. молчење на упаравата**) им доставува решение за **наложување** за постапување согласно Законот за СПИЈК во рок од 15 дена од приемот на решението, со обврска повратно да ја известат Агенцијата за нивното постапување во тој рок. На оние иматели на информации кои не постапиле во целост согласно одредбите од Законот, Агенцијата им доставува решенија за нивно **повторно постапување**, со укажување како истото да го сторат. Доколку ваквите првични решенија не резултираат во насока на остварувањето на целта на Законот, Агенцијата изготвува и до имателите на информации доставува мериторни решенија, кои во најголем број претставуваат **задолжувања** за имателите да ја достават бараната информација до барателот.

Овој извештај се однесува на периодот јануари-јуни 2024 година и во него се содржани податоци за постапувањето на Агенцијата по поднесените жалби, а во извештајниот период биле поднесени вкупно **196** жалби. Извештајот содржи и активности кои согласно надлежностите Агенцијата ги има остварено.

Анализирајќи ја структурата на подносители на жалби до Агенцијата, останува фактот дека поголемиот број од предметите по жалби, вкупно **111** се поднесени од страна на физички лица, од Здруженија на граѓани и фондации, се поднесени **81** жалби**,** додека од страна на правни лица се поднесени **4** жалби. И во овој извештај може да се забележи тенденцијата на зголемен интерес кај физичките лица, односно граѓаните, за користење на ова уставно загарантирано право. Во извештајниот период се забележува намалување на бројот на поднесени жалби (**64**) во однос на истиот период минатата година.

Во првите шест месеци од 2024 година најмногу жалби се поднесени против:

- Органите на државната управа - **71**

- Единиците на локалната самоуправа - **54**

- Правните и физички лица кои што вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес- 6
- Здравствените установи - 2
- Судската власт - 16
- Образовните институции - 13
- Јавните претпријатија и установи – 30
- Политички партии – 1
- Останати - 3

Од поднесените жалби до Агенцијата може да се заклучи дека кај барателите се уште од најголем интерес се информациите кои произлегуваат од работата на органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и установи. Тренд на зголемување на интерес има и за информациите од јавен карактер кај судската власт и образовните институции.

Агенцијата во периодот од јануари-јуни 2024 постапувајќи по 196-те жалби донесе:

- 15 Решенија за одбивање
- 70 решенија за наложување
- 15 Решенија за отфрлање
- 42 Решенија за запирање на постапката
- 30 Решенија за повторно постапување и
- 24 Решенија кои се во постапка на одлучување во законски утврдениот рок

Против донесените одлуки на Агенцијата, до Управниот беа поднесени 4 тужби, по кои Агенцијата достави одговор на тужбите до Управниот суд.

Агенцијата постапи и по Решенија по поднесени втори Жалби од страна на барателите на информации од јавен карактер. Во периодот кој е предмет на Извештајот поднесени се **14** втори жалби, а по **12** жалби Агенцијата има постапено. По **две** втори жалби Агенцијата ќе постапи во законски предвидениот рок.

Агенцијата по **14-те** втори Жалби донесе:

- **8** Решенија со кои имателот се задолжува

- **3** Решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована и

- **1** Решение со кое Жалбата се уважува

Во овој извештај треба да потенцираме дека во првите шест месеци од 2024 година најчестата причина за поднесување на жалби до Агенцијата е **молкот на управата** кој од вкупниот број на поднесени жалби изнесува **72.96%**. Треба да нагласиме дека Агенцијата вложува големи напори да го намали овој тренд на непостапување по поднесените барања од страна на барателите. За жал, имателите на информации се уште го практикуваат инструментот молк на управата за оневозможување на уставно загарантираното право на пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата, ќе продолжи да работи на целосно елиминирање на овој непопуларен инструмент од страна на имателите. На своите обуки наменети за службените лица, им го истакнува значењето на проактивната транспарентност и објавувањето на информациите од страна на институциите на своите веб страници, а особено навременото постапување по барањата за информации од јавен карактер. Агенцијата во извештајниот период одржа пет обуки за ново назначените службени лица кај сите категории на иматели на информации, на службените лица во образовните институции и судската власт.

Во доставените жалби најчесто е изразено незадоволството на жалителите од постапувањето на имателите на информации во врска со барања кои се однесуваат на:

- Трошоци на министри за секое службено патување, категоризирани според: авионски билети, трансфер до и од аеродром, хотелот, додатоци, храна и репрезентација, телефонски трошоци и други патни трошоци

- Податоци од капиталните  инвестиции за секоја година посебно со вредност од секоја инвестиција посебно и местото на инвестиција (општина) во која е реализирана инвестицијата за секоја година посебно
- За постапката за јавна набавка на урбана опрема на резиденцијални објекти и опрема за протоколарни потреби бр 20441/2023;  Одлука за јавна набавка, Записник од отворањето на понудите, пристигнати понуди или пријави за учество (Образец  на понуда - Финансиска понуда)........Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола
- Копија од записникот од јавното наддавање со кое беше продадено детското одморалиште " Македонија  во Тиват, Црна Гора ", Копија од склучениот договор за негова продажба и Копија од записникот од примопредавањето на објектот на новиот сопственик
- Документација за заштита на животната средина
- Постапката за јавна набавка на изработка на катастар на загадувачи на воздух на подрачјето на општините Струмица, Битола , Пробиштип, Крива Паланка, Делчево, Дебар и Свети Николе бр.22579/2023: Одлука за јавна набавка , Записник од отворањето на понудите , Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапаката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола
- Јавен повик за новогодишно украсување на Град Скопје во 2023 година, резултати од распишаниот јавен повик за новогодишно украсување на Град скопје за 2023 (компанија и сума)
- УПВНМ за дел од туристички локалитет Горица - Охрид ( според кој се гради хотел на КП 5985/4 од страна на Дивелоп груп ДООЕЛ Скопје ).2. Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање за одобрување на оцена на влијанието врз животната средина . 3. Мислење од Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион со кое с е потврдува дека урбанистичкиот план или проектот нема негативно влијание врз исклучителната универзална вредност на доброто. 3.1. Доколку такво не постои  документ од надлежна институција со која се потврдува дека урбанистичкиот план е усогласен со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион
- Број на вработени лиценцирани инспектори; Број на предвидени работни места за инспекторите; Методологија за проценки на ризик;

Полугодишни извештаи за работата на инспекциската служба; Број на издадени опомени и решенија

- Антикорупциска програма на инспекциска служба
- Достава на листа на советници на Совет на Општината со нивните емаил адреси и од која партија се точно
- Поединечно доделени средства преку Општините до крајните корисници од буџетска ставка 463
- За постапката за јавна набавка на техничка опрема бр. 21293/2023 : Одлука за јавна набавка, Записник од отворањето на понудите, Записник од спроведениот технички дијалог, Пристигнати понуди или пријави за учество ( Образец на понуда - Финансиска понуда) , Извештај за извршената евалуација, Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката, Извештај од спроведената е- аукција, Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба и Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола
- Моментална цена/ тарифа што ја наплаќате за водоснабдување ( вода за пиење) одделно за домаќинства и за останати потрошувачи (ден.м3)
- Вкупен број на јавни обвинители во ЈО на 01.03.2020, 01.03.2021, 01.03.2022, 01.03.2023 и 01.03.2024 год.
- Вкупен број на предмети во работа во ЈО на 01.03.2020, 01.03.2021, 01.03.2022, 01.03.2023 и 01.03.2024 год.
- Колку барања за утврдување на одговорност на судија заради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, се поднесени до Судскиот совет во 2019, 2020, 2021,2022 и 2023 година (засебно) и по колку од нив била утврдена одговорност и какви мерки биле изречени
- Записник на училишниот одбор
- Записник од наставнички совет и одлука за реизбор на член на училишниот одбор
- Детален финансиски извештај за финансиското (деловното) работење, односно за приходите и за расходите, како и за обртот на финансиските средства ( за паричните текови) - во периодот од ден 1 април  2019 година, па заклучно со ден 31 декември 2023 година

Агенцијата, како второстепен орган, постапувајќи по жалбените предмети извлече заклучок дека најчесто како предмет на барањата за кои се поднесени жалби се информации кои имателите се должни да ги објавуваат на своите веб страници и на тој начин да ја информираат јавноста. Ги потикнуваме имателите информациите од јавен карактер да ги објавуваат проактивно информациите со што ќе обезбедат клучните информации да бидат навремено достапни до граѓаните. Проактивното објавување на информациите од јавен карактер, како законска обврска за имателите, произлегува од членот 10 од Законот за СПИЈК, каде таксативно се наведени 22 категории на информации кои имателите се обврзани да ги објавуваат на своите веб страници. Објавените информации им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на кој што можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што им ги нуди државата. Транспарентноста и пристапот до информациите од јавен карактер се неделиви инструменти во борба против корупцијата.

За да ја зголеми транспарентноста, но и работата на институциите во однос на пристапот до информациите од јавен карактер, Агенцијата изготви водич за службените лица се со цел да им овозможуваат на граѓаните брз, едноставен и лесен пристап до сите информации кои ги поседуваат и со кои располагаат сите иматели на информации од јавен карактер. Истиот е објавен на веб страната на Агенцијата: https://aspi.mk/wp-content/uploads/2024/02/Потребни-предуслови-за-ефективен-пристап-до-информации.pdf

Исто така, се спроведе мониторинг на веб страните на имателите на информации од Судската власт, односно на основните, апелационите судови, како и Вишиот управен суд, Управниот суд, Врховниот суд и Судскиот совет на РСМ а Извештајот од истиот е објавен на веб страната на Агенцијата, https://aspi.mk/wp-content/uploads/2024/05/2024-ИЗВЕШТАЈ-ЗА-МОНИТОРИНГ-СУДСКА-ВЛАСТ-КОНЕЧЕН.pdf и е доставен до имателите со добиените резултати, за нивно запознавање и подобрување на веб страници во однос на активната транспарентност.

Агенцијата постапувајќи по Извадокот од Нацрт-Записникот од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 24 јануари 2023 година, изготви Информација која ја достави до Кабинетот

на заменик на претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење, за имплементирање на Информацијата за подобрување на транспарентноста и отчетноста на институците од јавниот сектор преку објавување на задолжителните информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на веб локациите на институциите, како и објавување на најчесто побарувани информации систематизирани по области. Информацијата е објавен на следниот линк: https://aspi.mk/новости/информација-согласно-нацрт-записник-2/

Во овој извештаен период, Агенцијата имаше активности како на домашен, така и на меѓународен план. Во соработка со Меѓународниот републикански институт – ИРИ, Агенцијата организираше работна средба, насловена „Транспарентност на политичките партии и коалиции во предизборен и изборен период“.

Во организација на Одделот за соработка за слобода на изразување на Советот на Европа, а во соработка со Комисијата за право на пристап до информации на CDAI, Агенцијата учествуваше на регионалната конференција во Рабат, Мароко, насловен како „Евро-медитерански пристапи за пристап до информации“, што е клучен чекор кон зајакнување на транспарентното владеење и заштита на правото на пристап до информации во овој регион.

Исто така, на тематска работилница за анализирање/справување со случаи за слободен пристап до информации „Политичките партии како иматели на информации – искуства и предизвици“, во организација на Советот за транспарентност и добро владеење на Шпанија, Агенцијата зема активно учество преку презентација на примери од пракса.

Агенцијата во соработка со Здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА од Куманово, подготвија Прирачник, како и информативно видео за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за лицата со попреченост, , а во соработка со УНДП и Архурс центар Скопје, Агенцијата одржа дводневна обука на тема „Зголемување на еколошката транспарентност за унапредување на еколошката правда“ наменета за службените лица кај имателите од државните институции и општините во РСМ.

Како активен чинител во Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ-ICIC), Агенцијата зема активно учество во

овогодинешниот светски форум кој ги поврзува комесарите за информации, народните правобранител и други тела надлежни за надгледување на спроведувањето на законите за слободен пристап до информации од јавен карактер на глобално ниво, кој оваа година се одржа во Тирана, Албанија.

На презентацијата на 5-от Годишен извештај на БИРН (Balkan Investigative Reporting Network) за слобода на информирањето за 2023 година, на која учество зема и Агенцијата, за одбележување е фактот дека во 2023 година БИРН Македонија го има најдоброто искуство со пристапот до податоци во регинот, користејќи го правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Позитивните резултати се добиени со активностите кои Агенцијата ги дава во своето работење за побрз и поефикасен пристап до информациите, како алатка која ја користат истражувачките новинари.

Агенцијата континуирано ќе продолжи да работи на поефикасно имплементирање на пристапот до информациите од јавен карактер, во соработка како со имателите, така и со барателите на информации. Им помага на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на кој што можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и на имателите, бидејќи поефикасно и подобро ќе управуваат со информациите со кои што располагаат.

**Подготвил:**

**Оливер Серафимовски**